**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.3.2018 година**

**Скопје, март 2018 година**

# **З А П И С Н И К**
## **од Шеесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 20.3.2018 година**

Седницата започна во 15:50 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Билен Саљији, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за образование и наука, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, Генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Ширете Елези, заменичка на министерот за финансии, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Мухамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и нотар Златко Николовски.

Од седницата отсуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски

инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на Дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 57-та седница на Владата, одржана на 6.3.2018 година

- Усвојување на Записникот од 58-та седница на Владата, одржана на 13.3.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - План 3-6-9+ (статус 20.3.2018 година)

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - Информација за одржливоста на инвестициони проекти финансирани во рамките на ИПА - ТАИБ 2010

  - Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен преглед

  - Информација за формирање на Министерска и Техничка работна група за следење на реализацијата на проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце”

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Барање за користење на поштенските услуги на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје

2. Одлука за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Предлог-одлука

3. Информација за можноста за изменување на Законот за катастар на недвижности, во насока на подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, вклучувајќи го и механизмот за отстранување на грешки од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и намалување на процентот на незапишани права во Катастарот на недвижности

4. Предлог-програма за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2018 година

5. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата

6. Информација за потпишување Меморандум за разбирање за соработка на полето на цивилната заштита помеѓу Владата на Страната на Првата Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година и Владата на Страната на Втората Страна од Времената спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година, со усогласен текст на Меморандум на македонски и англиски јазик

7. Информација за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање, со показатели за нивната финансиска состојба во 2017 година, со Предлог-одлука

8. Информација по извршена проверка на преостанатите нераспределени лица од проектот „Вработување на 1 600 лица од категории на социјално загрозени граѓани“ за тоа дали тие лица во меѓувреме имаат засновано работен однос, со дополнување кон неа

9. Барање за добивање согласност за надоместок на извршени услуги од јавни овластувања согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), со дополнителни материјали, Одлука за висина на надоместок за извршени услуги од јавните овластувања и Предлог-одлука

10. Информација за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, со Предлог-одлука за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија

11. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (Е-2 без компатибилни класи на намени), од јавен интерес, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште

13. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој

14. Информација за напредокот во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со декември 2017 година, со прилози

15. Информација за задолжување на Општина Пробиштип кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука

16. Информација за продажба на недвижна ствар во Тетово сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и тендерска документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дрвен мост“ с.Шупли камен Општина Куманово („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2017), со Јавен повик и Тендерска документација

18. Информација за рокот на реализација и проблемите при реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата

19. Информација во врска со Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија транспорт и туризам „С. Петрол“ ДООЕЛ експорт - импорт Гостивар, со Предлог-одлука

20. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногени минерални суровини на локалитетот „с.Јегуновце“ Општина Јегуновце и Општина Теарце, со Предлог-одлуки

21. Информација во врска со Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг „Вардарградба“ ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

22. Информација за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска листа

23. Информација за потпишување на Меморандум за разбирање, за соработка во областа на шумарството помеѓу Министерството за шумарство и водостопанство на Република Турција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, со текст на Меморандум (на македонски и англиски јазик)

24. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од локален пат Велес - Превалец - Оризари до локалитет „Баир“ КО Оризари-вон г.р., Општина Велес, со Предлог-одлука

25. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Новачани, Општина Велес, со Предлог-одлука

26. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово - вон - г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

27. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Караниколос 80“ КО Вешала, Општина Тетово, со Предлог-одлука

28. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за фекален колектор Ф-400мм КО Радовиш-вон г.р., Општина Радовиш, со Предлог-одлука

29. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надпатник - пешачки мост над автопат Е-75 Скопје - Велес за поврзување на населено место Башино село со селските гробишта КО Башино село и КО Башино село-вон г.р., Општина Велес, со Предлог-одлука

30. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена А4-времено домување КО Каратманово-вон г.р., Општина Лозово, со Предлог-одлука

31. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација во КО Струга, Општина Струга, со Предлог-одлука

32. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за „МХЕЦ Тиквеш 1“ КО Брушани, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

33. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1 - домување во станбени куќи КО Тетово-вон г.р., општина Тетово, со Предлог-одлука

34. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, општина Битола, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

35. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето

36. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата

37. Извештај за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Авганистан, ротација јуни-декември 2017 година

38. Информација за потреба од мапирање на покриеноста на територијата на Република Македонија со електронски комуникациски мрежи

39. Извештај во врска со имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2016 година во рамки на иницијативата - Интеграција на Роми 2020, со нов текст на Образец за известување за годишното спроведување на јавната политика за интеграција на Ромите на владите-учеснички

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

40. Програма за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2018 година, со Предлог-одлука

41. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година

42. Предлог-програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година

43. Информација за имплементација на Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 година

44. Информација за воведување на професионална рехабилитација на лица со попреченост

45. Информација за вработувањата во основните и средните училишта

46. Информација за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата до 18 години возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

47. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Штип

48. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на акции

49. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство и трговија „ИНГ - Лули“ ДОО с.Ливада Струга на локалитетот „с.Делогожда“, Општина Струга

50. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-инженеринг-Фуат“ и „Јетон“ експорт-импорт ДОО Гостивар

51. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада“, Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги „Оранжери-Добра“ ДОО увоз - извоз Кочани

52. Предлог-одлука за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2018 година

**б) Политички систем**

53. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари (КП бр.3374/1, КО Кичево 6, Имотен лист бр.2165)

54. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижни ствари (КП 2094/2 КО Кичево 8)

55. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (КП 747/1 КО Кисела Вода)

56. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (ИЛ бр.30639 КО Битола 3 ул.Јосиф Јосифовски)

57. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (ИЛ бр.91955 КО Битола 3 ул. Партизанска)

58. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

63. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за домување, поднесен од група пратеници

64. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, поднесен од група пратеници

65. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, поднесен од група пратеници

66. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стандардизација, поднесен од група пратеници

67. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, поднесен од група пратеници

68. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, поднесен од група пратеници

69. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност, поднесен од група пратеници

70. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници

71. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Педагошката служба, поднесен од група пратеници

72. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Спортска академија, поднесен од група пратеници

73. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи, поднесен од група пратеници

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, поднесен од група пратеници

76. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации, поднесен од група пратеници

77. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2016 година

78. Барање за давање автентично толкување на член 86 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016 и 67/2017), поднесено од градоначалникот на Општина Гази Баба

79. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став 1 од Законот за спортот, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

80. Иницијатива поднесена од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.166/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 алинеја 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010, 12/2014, 43/2014, 104/2015, 148/2015 и 192/2015)

81. Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „членот 8 став 3 на овој закон“ од членот 23 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015 и 53/2016), поднесена од Игорчо Точев од Кочани

82. Понуда од нотар Мексуд Максуд за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1

**д) Други предлози**

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

85. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за октомври - декември 2017 година

86. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје, за периодот VII-IX 2017 година

87. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2016 година, Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 година и Извештај на независниот ревизор

88. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за декември 2017 година, со дополнувања кон неа

89. Годишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2016 година и ИПАРД Програмата 2007-2013

90. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2017 година

91. Информација за реализација на обуки за аплицирање за системите за наводнување капка по капка, со дополнување кон неа

92. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Државната изборна комисија (сметка на основен буџет 637)

93. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Квалитет на воздухот - кооперативна ревизија“

94. Извештај за работата на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за четвртиот квартал од 2017 година

95. Извештај со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2017 година во Република Македонија

96. Извештај за реализација на буџетските средства за 2017 година наменети за реализација на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2017 - 2019 година

97. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија надлежна за одобрување на Предлог-проект и доставување на Предлог за исплата на трошоци за производството на домашна документарна и/или домашна играна програма за 2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

98. Информација за досегашниот тек на преземени активности на Министерството за култура по однос на оставинската постапка на оставителот Есма Реџепова-Теодосиевска од Скопје

99. Информација за отворање на процесот на јавно приватно партнерство во рамките на здравствениот сектор

100. Предлог-годишна програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година

101. Информација за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид заради склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот

за изградба на патна делница Кичево-Охрид, со Предлог-закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, по скратена постапка

102. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/18), со Предлог-одлуки и Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини

103. Информација за исполнетост на условите за раскинување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран број 24-64/09 од 27.2.2015 година и одземање на Дозволата за експлоатација број 24-4563/2 од 20.7.2015 година

104. Информација за досегашната реализација на Договорот за закуп на деловен простор сопственост на Република Македонија-ресторан во објект на Кеј Димитар Влахов бр.4 - поранешна Комерцијална банка во Скопје

105. Информација за состојбата на возниот парк на Државниот инспекторат за техничка инспекција, со Предлог-мерка

106. Годишен финансиски план на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 57-та и 58-та седница на Владата, одржани на 6.3.2018 година и 13.3.2018 година.

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

    - **План 3-6-9+ (статус 20.3.2018 година)**

Владата се информираше со Планот 3-6-9+ (статус 20.3.2018 година) и заклучи во делот 4. Именувања, во мерката 4.1.7 Избор на судии за испразнетите места, да се констатира дека е реализирана.

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - **Информација за одржливоста на инвестициони проекти финансирани во рамките на ИПА - ТАИБ 2010**

Владата ја разгледа Информацијата за одржливоста на инвестициони проекти финансирани во рамките на ИПА - ТАИБ 2010 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, до Владата да достави нови/ревидирани Одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари во однос на набавките во рамките на ИПА договорот бр. 11-41404/1 - Набавка на опрема за судските институции и управата за извршување на санкции- ЛОТ 1, по претходно усогласување со Министерството за правда, најдоцна до 15 април 2018 година.

2. Се укажува на Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство на Република Македонија, Судскиот совет на Република Македонија и Академија за судии и јавни обвинители, како корисници на ИПА договорот бр. 11-41404/1 - Набавка на опрема за судските институции и управата за извршување на санкции- ЛОТ 1, да обезбедат дека опремата ќе биде сметководствено евидентирана, во рок од 10 работни дена по донесувањето на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари за овој Договор.

3. Се задолжува Министерството за правда, како корисник на ИПА договорот бр. 11-41404/1 - Набавка на опрема за судските институции и управата за извршување на санкции- ЛОТ 1, да обезбеди од страна на Врховниот суд на Република Македонија и Јавното Обвинителство на Република Македонија, одобрени и потпишани работни процедури за начинот на размена на информации, како и Акциски план за целосна функционалност на платформата за интерконекција помеѓу судовите и обвинителствата, најдоцна до 15 април 2018 година.

4. Се укажува на Основен Суд - Скопје 2 и Основен Суд - Тетово, да ги надминат техничките недостатоци/обука на вработените и да овозможат целосно користење на модулот за скенирање реализиран во рамките на ИПА Договорот бр. 11-41404/1 - Набавка на опрема за судските институции и управата за извршување на санкции - ЛОТ 1, најдоцна до 30 април 2018 година.

5. Се задолжува Управата за извршување на санкции, да ги реализира сите активности кои преостануваат од Акцискиот план за воспоставување на пробациска служба во Република Македонија, согласно роковите утврдени во Акцискиот план.

6. Се задолжува Управата за јавни приходи да подготви План за надминување на настанатите проблеми (проблеми на ИТ инфраструктурата, системот за греење и ладење, платформата за лица со инвалидитет, системот за детекција на пожар) кои влијаат на функционалноста на реновираниот контакт центар во рамките на ИПА договорот број 11-40960/1 - реконструкција и адаптација на приземниот дел на УЈП - Регионална дирекција - Скопје во нов контакт центар, најдоцна до 30 април 2018 година.

7. Се задолжуваат Министерството за финансии и Државниот инспекторат за животна средина да склучат Договор за трајно користење на движни ствари, согласно обврските од Одлуката на Владата наведени во член 3 (Одлука бр.42-2019/14 од 15 март 2016 година -

„Службен весник на Република Македонија“, бр. 53/2016), најдоцна до 15 април 2018 година.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање целосно сметководствено да ја евидентира опремата, доделена во сопственост на Министерството согласно Договорот за давање на трајно користење на движните ствари со Министерството за финансии (Договор бр.21-1768/3 од 3.4.2017 година), најдоцна до 15 април 2018 година.

9. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да обезбеди соодветна евиденција на опремата, распределена на општините во рамки на ИПА Договор број 11-41297/1 од 1.12.2014 година - Набавка на опрема за обезбедување на податоци и систем за управување и известување за инспекциските служби и избрани општини - ЛОТ2, најдоцна до 15 април 2018 година.

10. Се задолжуваа Државниот инспекторат за животна средина, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да го регулира формално-правно предавањето на дел од опремата набавена во рамки на Договор број 11-41298/1 од 1.12.2014 - Набавка на опрема за обезбедување на податоци и систем за управување и известување за инспекциските служби и избрани општини - ЛОТ1, што се наоѓа во Министерство за животна средина и просторно планирање - Централна лабораторија, најдоцна до 15 април 2018 година.

11. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина за опремата во рамки на Договор број 11-41298/1 од 1.12.2014 година - Набавка на опрема за обезбедување на податоци и систем за управување и известување за инспекциските служби и избрани општини - ЛОТ1, која е распределена во Центрите за јавно здравје, ХБИ Охрид, УГД - и Штип и други да ги регулира формално-правно обврските во поглед на обезбедување средства за одржување и тековно користење на опремата и останати обврски кои произлегуваат од заедничкото користење на опремата, најдоцна до 30 април 2018 година.

12. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина за набавената опрема во рамки на проектот Договор број 11-41298/1 од 1.12.2014 година - Набавка на опрема за обезбедување на податоци и систем за управување и известување за инспекциските служби и избрани општини - ЛОТ1, во соработка со институциите каде е распределена опремата за заедничко користење да изготви Акциски план со кој ќе обезбеди целосно користење на истата, најдоцна до 15 април 2018 година.

13. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го информира Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори за потребата од измена на одлуките за престанок и давање на трајно користење на движни ствари, во однос на набавките во рамките на ИПА Договор број 11-41242/1 од 28.11.2014 година - Набавка на опрема за рамка за интероперабилност, со доставување на соодветна документација и одобрување од сите институции корисннчки на опремата, најдоцна до 15 април 2018 година.

14. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори да достави нови/ревидирани одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари до Владата во однос на ИПА Договор број 11-41242/1 од 28.11.2014 - Набавка на опрема за рамка за интероперабилност во Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 10 работни од добивање на

потребната документација од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.

15. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да постапи согласно обврските кои ќе произлезат од новите/ревидирани одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари до Владата на Република Македонија, во однос на набавките во рамките на ИПА Договор број 11-41242/1 од 28.11.2014 година - Набавка на опрема за рамка за интероперабилност во Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од 10 работни дена по донесувањето на одлуката.

16. Се задолжуваат Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, Управата за јавни приходи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот инспекторат за животна средина и Министерството за информатичко општество и администрација, писмено да го информираат Националниот координатор за авторизација во Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања за реализираните активности во рок од пет работни дена по надминување на рокот за постапување по заклучоците.

17. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Државниот инспекторат за животна средина, Управата за извршување на санкции и Управата за јавни приходи да обезбедат континуирано користење на опремата/градбата од ИПА проектите и за секоја поголема измена во однос на одржливоста и функционалноста на проектите да ги известат Националниот координатор за авторизација при Министерство за финансии и Секретаријатот за европски прашања, во рок пет работни дена по настанување на измената.

- **Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен преглед**

Владата ја разгледа Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот, со табеларен преглед и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да елаборира за законските и институционалните пречки кои го оневозможуваат полнењето на регистарот на население и да презентира Акциски план за надминување на овој проблем до средината на април 2018 година.

2. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи да предложат заедничка платформа за времена размена на информации до конечно разрешување на ова прашање, како гаранција дека проблемот ќе биде надминат.

3. Се укажува на Регулаторната комисија за енергетика да ги информира Секретаријатот за европски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за финансии, за спроведување на водните тарифи во општините, најдоцна до средината на април 2018 година.

4. Се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата да ги информира Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и Министерството за

правда, за напредокот во постапките за вработување, еднаш месечно, се до конечното ангажирање на ИТ персоналот, почнувајќи од 5 април 2018 година.

5. Се препорачува на градоначалникот на Прилеп во соработка со Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Прилеп, да ги информира Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, за напредокот во враќањето на персоналот во ПИУ канцеларијата се до надминување на проблемот на месечна основа, почнувајќи од 5 април 2018 година.

6. Се препорачува на Општина Кичево и Јавното комунално претпријатие „Комуналец“ Кичево, да ги информира Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, за формалното вработување на персоналот во Кичево кое ќе работи во Пречистителната станица за отпадни води, почнувајќи од 5 април 2018 година, на месечна основа се до завршување на постапката за вработување.

7. Се задолжува министерот за информатичко општество и администрација, да организира состанок со Секретаријатот за европски прашања и Делегацијата на Европската Унија, на кој ќе се отвори прашањето за инвестициите од Европската Унија во ИКТ системите на Владата на Република Македонија, најдоцна до средината на април 2018 година.

8. Се укажува на Агенцијата за пошти да го информира Секретаријатот за европски прашања за напредокот во одобрување на Работниот план во Парламетот, за надминување на проблемот со исплата на плати и за начинот на воспоставување на редовна координација со Министерството за транспорт и врски, најдоцна до 5 април 2018 година.

9. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира Секретаријатот за европски прашања за активностите кои ги презема за подобрување на координацијата со Агенцијата за пошти, најдоцна до 5 април 2018 година.

10. Се задолжуваат министерот за правда и министерот за информатичко општество и администрација, во врска со проектот „Набавка на опрема за унапредување на ИКТ инфраструктурата, интерконекцијата на релевантните правосудни институции, е-услуги и датабаза/развој на ИКТ во казнено поправниот и пробацискиот систем“ да го координираат обезбедувањето на целосна посветеност на релевантните институции за набавката на ИКТ опремата.

11. Се задолжува Министерството за правда да го координира финализирањето на тендерскаа документација во рамките на проектот „Градежни работи за изградба/реконструкција на канцелариите на јавните обвинителства“.

12. Се задолжува министерот за внатрешни работи да го координира финализирањето на тендерската постапка во рамките на проектот „Набавка на опрема за центар за опоравување од катастрофи и овозможување на континуитет во работа“.

За проектите наведени под 2.1. и 2.2.

13. Се задолжува министерот за животна средина и просторно планирање да одржи состанок со Делегацијата на Европската Унија за да ги даде потребните гаранции за досега набавената опрема, за да може да се одобри барањето за проектот „Набавка на опрема за

Оперативната структура во Министерството за животна средина и просторно планирање“ и за проектот „Набавка на ИТ и друга специфична опрема за води и бучава како дел од Мониторинг информативниот систем“.

За проектите наведени под 2.3-2.7

14. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, до крајот на неделата (23 март 2018 година) до Секретаријатот за европски прашања, да ги достави ИПА апликациите за проектите за:

а) Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Кичево (што вклучува договор за надзор на градежните работи) и

б) Изградба на Пречистителна станица за третман на отпадни води во Битола (што вклучува и надзор на градежни работи и проширување на канализационата мрежа).

15. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги достави ИПА апликациите за проектите: а) Рехабилитација и проширување на канализациона мрежа во Општина Кичево (што вклучува договор за надзор на градежните работи) и б) Изградба на Пречистителна станица за третман на отпадни води во Битола (што вклучува и надзор на градежни работи и проширување на канализационата мрежа) во рок од три дена од добивањето на ИПА апликациите од Министерството за животна средина и просторно планирање а најдоцна до крајот на март 2018 година.

16. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да го мониторира процесот на склучување на договори до крајот на 2018 година, но и на спроведување на грантовите до крајот на 2019 година, во рамките на проектот од ИПА 2014 за локална и регионална конкурентност.

17. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да го информира Секретаријатот за европски прашања, за напредокот во процесот на селекција на грантовите во рамките на проектот од ИПА 2014 за локална и регионална конкурентност на редовна тримесечна основа, почнувајќи од април 2018 година.

- **Информација за формирање на Министерска и Техничка работна група за следење на реализацијата на проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце”**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Министерска и Техничка работна група за следење на реализацијата на проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце” и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Формира Министерска работна група за следење на реализацијата на проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце” во состав, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прањања и за координација со економските ресори, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт

и врски, Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта и Гајур Кадриу, директор на Јавното претпријатие „Македонијапат“.

2. Се назначува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор за координатор на Министерската работна група за следење на реализацијата на проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце”.

3. Се задолжуваат д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта и Гајур Кадриу, директор на Јавното претпријатие „Македонијапат“ во рок од пет дена да назначат лица кои ќе учествуваат во Техничката работна група за следење на реализацијата на Проектот „Изградба на автопат Скопје - Блаце”.

4. Се задолжува Министерската работна група заедно со претставниците на техничко ниво веднаш да одржат координативен состанок.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Барањето за користење на поштенските услуги на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје и го усвои со следниов заклучок:

- Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се препорачува на фондовите, агенциите, бироата, дирекциите, а им се укажува на заводите, јавните претпријатија, јавните установи, независните регулаторни тела основани од државата, трговските друштва основани од државата и другите институции основани од државата, доследно да го почитуваат Законот за поштенски услуги.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување на Акционерското друштво Водостопанство на Република Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за изменување на Законот за катастар на недвижности, во насока на подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, вклучувајќи го и механизмот за отстранување на грешки од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда, да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности, согласно предлозите за подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, вклучувајќи го и механизмот за отстранување на грешки од страна на Агенцијата за катастар на недвижности и намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности, наведени во Информацијата.

Истовремено, се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, во однос на наведувањето на износот на средства потребни за финансирање на планираните активности, како и начинот на нивно изнаоѓање - преку грант средства од ИПА фондовите или други извори на грант средства, за да може да ги финансира своите потреби.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за висината на надоместокот за активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли на храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за разбирање за соработка на полето на цивилната заштита помеѓу Владата на Страната на Првата Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година и Владата на Страната на Втората Страна од Времената спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година (нов текст), со усогласен текст на Меморандум на македонски и англиски јазик и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за соработка на полето на цивилната заштита помеѓу Владата на Страната на Првата Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година и Владата на Страната на Втората Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година.

2. Го овласти Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, да го потпише Меморандумот за разбирање за соработка на полето на цивилната заштита помеѓу Владата на Страната на Првата Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13

септември 1995 година и Владата на Страната на Втората Страна од Времената Спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година.

Истовремено, се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии, во кое се наведува дека финансиските импликации од активностите преземени во рамките на Меморандумот, Дирекцијата задолжително да ги обезбеди во рамките на сопствениот буџет за соодветната фискална година.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за јавните здравствени установи за кои се предлага Фондот за здравствено осигурување на Македонија да обезбедува средства за нивно функционирање, со показатели за нивната финансиска состојба во 2017 година, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на јавни здравствени установи кои вршат превентивни и одредени работи од примарна, специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита за кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија обезбедува средства за нивно целосно функционирање во 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата по извршена проверка на преостанатите нераспределени лица од проектот „Вработување на 1600 лица од категории на социјално загрозени граѓани“ за тоа дали тие лица во меѓувреме имаат засновано работен однос, со дополнувањето, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува ЈП „Македонски шуми“ да подготви и до Владата да достави Информација за процесот на распределба на 1 600 лица од категории на социјално загрозени граѓани, со поединечен преглед за 51 лице кои останале нераспределени (нивен статус и причина за нивно нераспределување) и Акциски план со конкретни мерки за распределување на вкупно 82 лица, од кои 51 лице се нераспределени и 31 лице за кои постапката е во тек.

## Точка 9

Владата по Барањето за добивање согласност за надоместок на извршени услуги од јавни овластувања согласно Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), со дополнителни материјали, Одлука за висина на надоместок за извршени услуги од јавните овластувања и Предлог-одлука (нов текст), ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за висина на надоместок за извршени услуги од јавните овластувања на Занаетчиската комора на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да препорача на Општина Центар пред распределбата на средствата од одлуката да провери дали Општина Центар има неподмирени обврски по постојните договори или било какви други финансиски обврски кои би произлегле од истите и доколку има средствата од оваа одлука да се искористат пред се за тие намени.

**Точка 11**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со електронско јавно наддавање за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (Е-2 без компатибилни класи на намени), од јавен интерес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за консолидација на земјоделско земјиште, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници, Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој и го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 1 став 1 од текстот на Предлог-законот зборовите „алинеите 6 и 7 се бришат“, да се заменат со зборовите „алинејата 6 се брише“ и став 2 и 3 да отпаднат од текстот на Предлог-законот.

2. Во текстот на Предлог-законот да се вгради одредба со која во Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.74/17) во член 1 став 1 по зборовите „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година“ да се додадат зборовите „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“, а по зборовите „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2017 година“ да се додадат зборовите „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година“.

Во став 2 по зборовите „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година“ да се додадат зборовите „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“, а по зборовите „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2017 година“ да се додадат зборовите „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година“.

3. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во имплементацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги заклучно со декември 2017 година, со прилозите и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во текот на јули 2018 година да достави информација до Владата за напредокот во реализацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги која ќе се однесува само на општинските под-проекти кои се во фаза на реализација во известувачкиот период.

2. Се задолжува Министерството за финансии, континуирано на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на Проектот се до неговото завршување односно до март 2021 година.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Пробиштип кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во Тетово сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижна ствар во Тетово, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и тендерска документација за спроведување на постапката по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на

локалитетот „Дрвен мост“ с.Шупли камен Општина Куманово („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/2017), со Јавен повик и Тендерска документација (нов текст), ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за рокот на реализација и проблемите при реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Македонија во рок од шест месеци да ги набави и преведе германските стандарди „DIN“ кои се содржани во Техничките правила за проектирање, изградба, ставање во употреба, функционирање и одржување на постројки и инсталации за природен гас на Министерството за економија, како и да спроведе постапка за нивна подготовка и усвојување.

2. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група составена од претставници на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, АД „МЕР“ Скопје, „АД ГА-МА“ Скопје и Заедницата на единиците на локалната самоуправа, а по потреба и претставник од Регулаторна комисија за енергетика, со цел координација и следење на процесот за реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата.

3. Се задолжуваат наведените институции/компании во рок од 7 дена до Министерството за економија да достават номинации за двајца претставници (член и заменик член) на Работната група.

4. Се задолжува Работната група од точка 2 од овие заклучоци да се состанува на месечно ниво, а еднаш квартално (по потреба и порано) преку Министерството за економија да доставува информации до Владата за натамошниот прогрес на реализација и проблемите при реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“ с.Речане, Општина Гостивар на Друштвото за трговија транспорт и туризам „С. Петрол“ ДООЕЛ експорт-импорт Гостивар, со дополнетото образложение, ја усвои Информацијата и заклучи да не ја донесе Одлуката.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на техногени

минерални суровини на локалитетот „с.Јегуновце“ Општина Јегуновце и Општина Теарце, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг „Вардарградба“ ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг „Вардарградба“ ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“, Општина Сопиште, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да престане да важи заклучокот донесен на Четириесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.1.2018 година, точка 40 - во врска со Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство проектирање и инженеринг Вардарградба ДОО с.Трубарево - Скопје на локалитетот „Подцуцул“.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од ре-прогласување на Охридско Езеро и прогласување на Студенчишко Блато за заштитени подрачја и нивно номинирање во Светска Рамсарска листа и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со општините Охрид, Дебрца и Струга, да изнајдат финансиски средства за изготвување на Студија за валоризација на природни вредности за Охридско Езеро и апликација за номинација на Охридско Езеро и Студенчишко Блато во Светската Рамсарска Листа и за статусот на реализираните активности да доставуваат информации до Владата на секои шест месеци.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Меморандум за разбирање, за соработка во областа на шумарството помеѓу Министерството за шумарство и водостопанство на Република Турција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, со текст на Меморандум (на македонски и англиски јазик) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати најновиот текст на Меморандумот за разбирање, за соработка во областа на шумарството помеѓу Министерството за шумарство и водостопанство на Република Турција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, усогласен со Секретаријатот за законодавство.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, да го потпише Меморандумот за разбирање, за соработка во областа на шумарството помеѓу Министерството за шумарство и водостопанство на Република Турција и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од локален пат Велес - Превалец - Оризари до локалитет „Баир“ КО Оризари-вон г.р., Општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на пристапен пат од локален пат Велес - Превалец - Оризари до локалитет „Баир“ КО Оризари-вон г.р. Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Новачани, Општина Велес, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија КО Новачани, Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово - вон - г.р., Општина Тетово, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово - вон - г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Караниколос 80“ КО Вешала, Општина Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ „Караниколос 80“ КО Вешала, Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за фекален колектор Ф-400мм КО Радовиш-вон г.р.,

Општина Радовиш, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за фекален колектор Ф-400мм КО Радовиш-вон г.р., Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надпатник - пешачки мост над автопат Е-75 Скопје - Велес за поврзување на населено место Башино село со селските гробишта КО Башино село и КО Башино село-вон г.р., општина Велес, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надпатник - пешачки мост над автопат Е-75 Скопје - Велес за поврзување на населено место Башино село со селските гробишта КО Башино село и КО Башино село-вон г.р., Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена А4-времено домување КО Каратманово-вон г.р., Општина Лозово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена А4-времено домување КО Каратманово-вон г.р., Општина Лозово, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација во КО Струга, Општина Струга, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација во КО Струга, Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тиквеш 1 КО Брушани, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тиквеш 1 КО Брушани, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1 - домување во станбени куќи КО Тетово-вон г.р., општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1 - домување во станбени куќи КО Тетово-вон г.р., општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државна секретарка во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошничка на министерот за внатрешни работи.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници м-р Магдалена Несторовска, државн секретарка во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошничка на министерот за внатрешни работи.

## Точка 37

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Авганистан, ротација јуни-

декември 2017 година, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерката за одбрана.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од мапирање на покриеноста на територијата на Република Македонија со електронски комуникациски мрежи и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на АД „МЕПСО“, АД „ЕЛЕМ“, ЈП „Македонска радиодифузија“, МАРнет, ЈП „Македонски железници-Инфраструктура“, универзитетите „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, „Св. Климент Охридски“ во Битола, „Гоце Делчев“ во Штип, Државниот универзитет во Тетово, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, во рок од десет дена до Агенцијата за електронски комуникации да достават информации за техничкиот опис на електронските комуникациски мрежи и придружни средства кои ги користат/управуваат, со минимален сет на податоци според видот на мрежата и придружните средства, во табеларен формат (xls, csv, xlsx), согласно Упатството за доставување на податоци (составен дел од Правилникот за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства, достапен на веб страницата на Агенцијата за електронски комуникации).

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот во врска со имплементацијата на јавните политики за интеграција на Ромите во Република Македонија за 2016 година во рамки на иницијативата - Интеграција на Роми 2020, со нов текст на Образец за известување за годишното спроведување на јавната политика за интеграција на Ромите на владите-учеснички, ја усвои Информацијата и го задолжи министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Аксел Ахмедовски да го достави пополнетиот Образец за мониторинг и известување до службите на иницијативата - Интеграција на Роми 2020, најдоцна до 30 март 2018 година.

**Точка 40**

Владата по новиот текст на Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2018 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2018 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и Црвениот крст на Република Македонија (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година и го донесе новиот текст на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита за 2018 година, со заклучок Министерството за труд и социјална политика да го смени текстот на образложението на Програмата во насока да се објасни дека документацијата за општините Сарај, Дебар, Тетово, Теарце, Струга и Чаир ќе биде разгледувана по нејзиното комплетирање и по соодветно изменување на планот за јавни набавки на Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 42**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2018 година, со следните заклучоци:

- Во став 2, алинеја 17 од Програмата, после зборовите Општина Липково да се избрише делот „(по доставена документација)", поради тоа што истата веќе била комплетирана.

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и до Владата да достави ново Образложение кон Програмата, во кое ќе бидат опфатени точниот број на сите општини кои се предмет на Програмата.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за имплементација на Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020 година и го усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со релевантните институции да подготви и во јули 2018 година до Владата да достави нов Акциски план за вработување, за периодот 2018-2020 година.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на професионална рехабилитација на лица со попреченост (нов текст), ја усвои и го задолжи Министерството за труд и социјална политика, до Владата да достави информација за текот на реализација на професионалната рехабилитација, најдоцна до 30 ноември 2018 година.

**Точка 45**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за вработувањата во основните и средните училишта, за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 46**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за ослободување од учество (партиципација) при користење на здравствени услуги на децата

до 18 години возраст, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош, за наредната седница на Владата.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренос на акции, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија, во рок од 30 дена, да подготви измена на Законот за минерални суровини, со цел наплаќање на одреден надомест за пренос на сопственоста без оглед дали промената ќе настане во Република Македонија или надвор од Република Македонија.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Трговското друштво за производство и трговија „ИНГ - Лули" ДОО с.Ливада Струга на локалитетот „с.Делогожда", Општина Струга, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи при потпишување на договорот Министерството за економија да ги вгради укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски во кое е инкорпорирано Мислењето од ЈП за државни патишта.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, Општина Гостивар на Друштвото за производство, трговија, услуги и инженеринг „Јефута-Инженеринг-Фуат и Јетон" експорт-импорт ДОО Гостивар.

**Точка 51**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - термоминерална вода на локалитетот „Виничка Вада", Општина Кочани на Друштвото за производство, трговија и услуги Оранжери-Добра ДОО увоз - извоз Кочани, поради потребата од дополнителни консултации на претстојниот состанок помеѓу д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и градоначалникот на Општина Кочани.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за денот и моментот на воведувањето и денот и моментот на завршувањето на летното сметање на времето во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари (КП бр.3374/1, КО Кичево 6, Имотен лист бр.2165), во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (ИЛ бр.30639 КО Битола 3 ул.Јосиф Јосифовски), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (ИЛ бр.91955 КО Битола 3 ул. Партизанска), во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закупнина на стан (нов текст) и ја донесе Одлуката, со заклучок во членот 2 по зборовите „замениците министри“ да се додадат и зборовите „и директори на органи на државната управа именувани од Владата“.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за одбрана, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за домување, поднесен од група пратеници и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот, со укажување членот 3 од Предлог-законот, соодветно да се преработи, односно зборот „директорот“ да се замени со зборовите „претседателот и членовите на Регулаторната комисија“, бидејќи согласно член 105-а од Законот за домување, Регулаторната комисија е составена од претседател и членови.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва се врши промена во условите кои се однесуваат на избор на управители, именување на одбор на директори, членови на управни одбори, членови на надзорни одбори во друштвата со доминантна или целосна сопственост на државата во насока на дополнување на сертификатите со познавање на англиски јазик АПТИС, како и со бришење на условот за положен психолошки тест и тест на интегритет.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата се врши промена во условите кои се однесуваат на именување на претседателот и членовите на комисијата, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и со бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 66

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација се врши промена во условите кои се однесуваат на именување на директор на Институтот за стандардизација, во насока на дополнување на сертификатите за познавање на англиски јазик со АПТИС, како и со бришење на условот за положен психолошки тест и тест за интегритет.

Согласно горе наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за стандардизација и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 67

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието да го донесе Законот.

## Точка 68

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, предложен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, по скратена постапка, е поднесен од страна на пратениците Ејуп Алими, Јагода Шахпаска, Костадин Костадинов, Томислав Тунтев, Диме Велковски и Јован Митревски.

Со Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 61/2015 и 27/2016), се уредува организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководење со Управата за јавни приходи, даночните надлежности, класификацијата на работните места, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Управата за јавни приходи.

Понатаму, со овој закон се уредуваат специфичностите во правата, обврските и одговорностите на даночните службеници, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Управата за јавни приходи.

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија право да предлага донесување на Закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи е поднесен од овластен предлагач.

Имено, во образложението на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, поднесен од страна на група пратеници, е наведено дека

според Законот за вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација воспоставува и води Регистар на вработените во јавниот сектор, преку Електронски систем за управување со човечките ресурси. Податоците од Регистарот се од исклучителна важност за следење на состојбите во повеќе од 1300 институции на јавниот сектор.

Понатаму, во Образложението на Предлог-законот е наведено дека и по две години од воспоставување на овој регистар институциите на јавниот сектор не ги пополнуваат и не ги ажурираат податоците во истиот.

Целта на овој предлог-закон е обезбедување на целосна искористеност и функционалност на Информациониот систем за управување со човечките ресурси (ИСУЧР), но и да се спречи користење на други системи за таа цел.

Со цел да се обезбеди целосна искористеност и функционалност на ИСУЧР со ова дополнување во Законот за Управата за јавни приходи, на Управата и се дава надлежност преку овој систем да врши контрола на месечните пресметки на интегрирана наплата.

Имено, со предложеното дополнување на погоре наведениот закон се интервенира во член 4 од Законот за Управата за јавни приходи, кој се однесува на делокругот на работата на Управата за јавни приходи, каде по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи: „Управата за јавни приходи врши контрола на ажурноста на регистарот на вработените во јавниот сектор преку контрола на месечните пресметки за интегрирана наплата“, а ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Македонија нема забелешки по однос на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управата за јавни приходи, предложен од страна на група пратеници и му предлага на Собранието да го донесе Предлог-законот.

Владата смета за неопходно да напомене дека во иднина треба да се има предвид дека Управата за јавни приходи, согласно членот 4 од Законот за Управата за јавни приходи има широк делокруг на работење и секое дополнување во истоимениот член претставува дополнително оптоварување за Управата.

Имено, со сите дополнителни и нови обврски кои и се препишуваат како делокруг на работа на Управата за јавни приходи, истата потешко ја врши својата основна дејност, а тоа е прибирање на даноците и другите јавни приходи, како и н споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, а кои се приход на Буџетот на Република Македонија.

## <u>Точка 69</u>

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за иновациска дејност, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 70**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 71**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за педагошката служба, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Спортска академија, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 73**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 74**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со кризи, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 75**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

**Точка 76**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Класифицирани информации, поднесен од група пратеници, утврди позитивно мислење по Предлог-законот и му предлага на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот.

## Точка 77

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Имајќи го предвид информативниот карактер на доставениот материјал, Владата на Република Македонија нема забелешки по истиот, со укажување дека потребните средства за реализација на активностите наведени во препораките, надлежните институции треба да ги обезбедат во рамките на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија.

Исто така, треба да се забележи дека предметниот извештај е во функција на исполнување на законските обврски согласно член 156 алинеја 9 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/13), според кој Државниот совет за превенција на детското престапништво подготвува годишни извештаи за својата работа и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво, кои ги доставува, меѓу другите и до Владата на Република Македонија, кои се должни да ги разгледаат и да преземат соодветни мерки и активности согласно своите надлежности.

Материјалот се однесува на остварување на надлежноста на Државниот совет за превенција на детското престапништво во 2016 година, како и на состојбата со детското престапништво и правата на детето согласно со индикаторите за спроведување на Законот за правда за децата добиени од страна на институциите во системот на правда за децата.

Во истиот се содржани и согледувања за состојбите во областа на остварување на правата на детето и спроведените превентивни активности кои имаат за цел спречување ран влез во детското престапништво.

Во рамките на делот V Препораки, Државниот совет помеѓу другото препорачува да се обезбедат просторни, материјално - технички и административни услови за неговото функционирање.

Тука особено се истакнува потребата за реализација на Одлуката бр. 41-6154/1 на Владата на Република Македонија за обезбедување на просторни услови за работа на Државниот совет, која до денес не е реализирана.

Делот V Препораки, содржи вкупно 15 препораки на кои им претходат 12 заклучоци што се позитивно оценети од Владата на Република Македонија.

## Точка 78

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 86 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016 и 67/2017), поднесено од градоначалникот на Општина Гази Баба и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 175 и член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/13) барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија,

Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието на Република Македонија и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа.

***

Во предметното Барање за давање на автентично толкување се наведува дека Општина Гази Баба има примено барања за исплата на надоместоци за трошоци за изборна кампања од организаторите на изборната кампања за Локалните избори 2017 година и при изготвувањето на Предлог-одлуката за исплата на надоместоци согласно член 86 став (4) од Изборниот законик истата се соочува со проблем во поглед на износите, односно висината на надоместокот кој им следува на организаторите на изборната кампања за избор на градоначалник на општина, со оглед на фактот дека изборите за градоначалник биле спроведени во два изборни круга. Нејасно останува за општината дали на организаторите им следи исплата на надоместок само за вториот изборен круг или на организаторите им следи исплата на надоместок и за двата изборни круга.

Општината воедно наведува дека постои невоедначена пракса во Советите на единиците на локалната самоуправа чии градоначалници се избрани во вториот изборен круг на начин што дел од нив исплаќаат надоместок за двата изборни круга, а дел од нив само за вториот изборен круг.

***

Со Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 54/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017 и 125/2017) се уредуваат начинот, условите и постапката за избор на Претседателот на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на Градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Со член 31 од Изборниот законик со кој се уредени законските надлежности на Државната изборна комисија, конкретно став (2) алинеја 25 од истиот, предвидено е дека Државната изборна комисија до Собранието поднесува извештај за спроведените избори во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните резултати од изборите на ниво на општина, град Скопје односно изборна единица каде што се врши изборот и финансиски преглед и го објавува на својата интернет страница, а во алинеја 26 од истиот став на овој член е наведено дека воедно Државната изборна комисија врши распределба на надоместокот на трошоците на избраните кандидати по доставениот финансиски извештај и истиот го објавува на својата интернет страница.

Со членот 86 од Изборниот законик се уредува надоместот на трошоците за избори и истиот во став (1) предвидува дека право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани кандидат за претседател на

Републиката, кандидати за пратеници, членови на совет, односно кандидат за градоначалник во висина од 15 денари по добиен глас.

Воедно, став (2) утврдува дека право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Републиката, кандидат за пратеник, кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник во висина од 15 денари по добиен глас ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката, изборната единица односно општината. Во став (3) од истиот член е уредено дека надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетот на општината и на градот Скопје најдоцна во рок од три месеци по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори.

Став (4) од членот определува дека надоместокот на трошоците за избори се определува со одлука на Собранието, советот на општината и на градот Скопје.

***

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Од горенаведеното може да се констатираат надлежностите и начинот на утврдување на висината на надоместокот на трошоците за избори. Одредбата е јасна и концизна сама по себе како и во корелација со другите погорецитирани одредби од Изборниот законик, па според тоа Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати Барањето за давање автентично толкување на член 86 став (1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016 и 67/2017), поднесено од градоначалникот на Општина Гази Баба.

## Точка 79

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 став 1 од Законот за спортот, поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија член 175 и член 176 („Службен весник на Република Македонија“ бр.54/13) барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење. Барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа.

Во барањето за давање на автентично толкување се наведува дека од практичната примена кога ќе се постигне врвен спортски резултат во екипна конкуренција за кој се доделува стипендија од меѓународна и светска категорија, наградувањето на стручните лица е јасно

и точно определено во став 1 и 2 од член 44 од Законот за спортот. Понатаму во барањето наведува кога ќе се постигне врвен спортски резултат во поединечна конкуренција се појавувало проблем при наградувањето.

Во член 35 од Законот за спортот е уредено, спортистите сениори, државјани на Република Македонија, врз основа на постигнати резултати спортистите се стекнуваат со спортски категории и тоа: спортист од светска категорија, спортист од меѓународна категорија и спортист од државна категорија. Еднаш стекнатата спортска категорија има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

Спортските категории спортистите ги стекнуваат врз основа на остварените резултати на официјалните натпревари, државни првенства, европски и светски првенства, светско универзитетско првенство и летни и зимски олимписки игри. Спортистите кои се стекнале со спортска категорија имаат право на материјален надоместок и други видови награди.

Во член 39 е уредено користењето на правата остварени согласно со овој Закон за спортот, кое е временски ограничено. Во став 2, уредено е дека правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од светска категорија, се користат четири години, под услов спортистот да е активен во тој период. Во став 3 уредено е дека правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од меѓународна категорија, се користат две години, под услов спортистот да е активен во тој период. Во став 4 уредено е дека, правата кои произлегуваат од спортската категорија спортист од државна категорија се користат една година. Во став 5 уредено е дека, правата кои произлегуваат од стекнатата категорија спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија, а се однесуваат на паричниот надоместок, престануваат доколку во текот на оствареното право, остварил повисока категорија или ја потврдил претходно стекнатата категорија.

Во член 40 од Законот за спортот е уредено дека спортистот може да оствари паричен надомест, и тоа на: спортист од светска категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од две просечни плати исплатени на ниво на Републиката во претходната година во бруто износ и спортист од меѓународна категорија кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од 1,3 просечни плати исплатени на ниво на Републиката за претходната година во бруто износ, а во став 2 на спортист од светска категорија и на спортист од меѓународна категорија кои се во работен однос, паричниот надоместок им се исплатува во нето износ од паричниот надоместок од став 1 алинеја 1, односно алинеја 2 на овој член.

За наградување на стручните лица се применуваат одредбите од член 44 од Законот за спортот. Во став 1 е уредено, дека, на стручното лице со чија стручна работа спортистот остварил врвен спортски резултат со кој ја стекнал категоријата спортист од светска категорија и спортист од меѓународна категорија му следува еднократна награда од 40% од вкупните средства што му следуваат на категоризираниот спортист за една година. Во став 2, е уредено дека доколку во остварувањето на врвниот спортски резултат на спортистот од став 1 на овој член учествувале повеќе стручни лица како стручен тим, наградата предвидена за едно лице се дели на учесниците кои партиципирале во работата на стручниот тим, согласно со општиот акт на Националната спортска федерација. Во став 3 е предвидено на стручните лица кои ги подготвуваат спортистите (тренери во клубовите), им следува 20% од сумата утврдена во став 1 на овој член. Во став 4 се уредува дека предлог за награда на стручно или стручните лица, кои учествувале во остварување на спортскиот резултат на категоризираниот спортист, дава Националната спортска федерација, при

доставување на предлог на листата за категоризација на спортистите, во предвидениот рок од член 48 став 1 на овој закон. Во став 5, органот на државната управа надлежен за работите од обласа на спортот при објавувањето на листата на категоризирани спортисти во „Службен весник на Република Македонија“ ја објавува и листата на нивните стручни лица - тренери кои учествувале во работата за остварување на спортскиот резултат.“

Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, надлежен орган за давање на автентично толкување на закони е Собранието на Република Македонија.

Со оглед на наведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го прифати барањето поднесено од пратеникот Ивана Туфегџиќ, кое се однесува на автентичното толкување на член 44 став 1 од Законот за спортот. Одредбата е јасна и прецизна сама по себе, како и во корелација со другите погоре цитирани одредби од Законот за спортот, и по тој основ се исплатувале еднократни парични награди на селектори и тренери.

<u>**Точка 80**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Санде Пејоски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.166/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 алинеја 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010, 12/2014, 43/2014, 104/2015, 148/2015 и 192/2015) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8 став 1 алинеја 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/2010), наведува дека во членот 8 став 1 алинеја 2 од Законот за вештачење се спротивни на член 8 алинеја 1, 3 и 11 од Уставот на Република Македонија.

Имено, како што наведува, дека вештачењата од областа на медицина (психијатрија, невропсихијатрија, хирургија, гинекологија, кардиологија) се во спротивност на член 8 алинеи 1,3 и 11 од Уставот на Република Македонија.

Поднесителот исто така тврди дека не е донесен Закон за судски вештачења и супер вештачења а се вештачи од „вешти лица“ кои не се „судски вештаци“ и одбори кои не постојат во Законот за вештачење.

Согласно подносителот на Иницијативата, оспорената одредба е во спротивност со член 8, алинеја 3 и членот 25 од Уставот на Република Македонија.

Во член 8 алинеи 1, 3 и 11 од Уставот на Република Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другите, се наведени и: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во членот 9 од Уставот е пропишано дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената

положба. Во ставот 2 од наведениот Член е пропишано дека граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.

Во член 51 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Според Амандманот XXV на Уставот на Република Македонија, со кој се заменува член 98 од Уставот, судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Во Амандманот XXV од Уставот на Република Македонија е пропишано дека:

„1. Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни.

Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Забранети се вонредни судови.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници“.

Во општите одредби на Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15 и 192/15) јасно се дефинирани изразите кои се употребуваат во Законот за вештачење. Еден од изразите кој е дефиниран во Законот за вештачење е и изразот и значењето на „вештачење“. Согласно член 2 алинеја 1 од Законот за вештачење „Вештачење е изготвување на стручен наод и мислење изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стручни знаења и искуства во областите што се дефинирани во сите случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице нарачател“. Под изразот „вештак“ се подразбира, лице кое има лиценца за вештачење од соодветната област и е запишан во Регистарот на вештаци, а под изразот „Регистар на вештаци“ се подразбира јавна книга во која се евидентираат лицата на кои им се издава, одзема, продолжува или им престанува лиценцата за вештачење од соодветната област, органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа и стручната установа кои вршат вештачење, трговецот поединец - вештак и друштвата за вештачење.

Со Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15 и 192/15), се уредува вршење на вештачење, областите, условите и начинот на вршењето на вештачењето, субјектите кои вршаат вештачење, условите и постапката за полагање на стручен испит за издавање, продолжување, престанок или за одземање на лиценца за вештачење, основањето, надлежноста, организацијата и работењето на Комората за вештаци, надлежностите на Бирото за судски вештачења, организацијата и работењето, како и други прашања од значење за судските вештачења, супервештачења, процени и грижа за унапредување на работите на вештачењето.

Во член 3 од наведениот закон е утврдено дека при вршењето на вештачењето вештаците се должни да се придржуваат кон следниве начела: законитост, стручност, чесност, непристрасност, професионалност, самостојност, економичност, одговорност, совесност и ефикасност.

Согласно член 4 од наведениот закон, вештакот е независен и самостоен во вршењето на вештачењето во рамките на овластувањата утврдени со закон. Вештакот при стекнување со лиценца треба да потпишува Заклетва со што е „должен вештачењето да го врши стручно и совесно во согласност со правилата на науката и струката и етичките норми и да го достави до нарачателот на вештачењето навремено во согласност со роковите пропишани со закон“.

Согласно член 8 од наведениот Закон за вештачење се врши во следните области: материјално, сметководствено и финансиско работење, медицина (психијатрија, невропсихијтрија, хирургија, гинекологија, кардиологија, ортопедија и други); ветеринарство, градежништво и архитектура, електротехника, информатички технологии, маишинство и сообраќај, балистика, хемиско биолошко, заштита на животната средина и екологијата, заштита на културното наследство, Заштита на авторските права, другите сродни права и правата од интелектуална сопственост, токсикологија и дроги и други области.

Од самата формулација на изразот „вештачење“ согласно Законот за вештачење, произлегува дека вештачењето е стручен наод и мислење во областа за кое е барано стручното мислење.

Според правната теорија, вештачењето претставува доказно средство во судските, управните и другите постапки кон кое се пристапува во случај кога утврдување или оцена на одредени факти е потребно стручно знаење со кое не располага лицето, односно органот кој ја води постапката. Со цел изведување на докази со вештачење, службеното лице кое ја води постапката одредува, по службена должност или на предлог на странките, еден, два или повеќе вештаци во зависнот од потребите и тоа од редот на лицата кои се стручни за дадената материја и кои имаат посебно овластување (лиценца) за давање мислење по прашања од определена област. По извршеното вештачење се дава стручен наод и мислење за предметот за вештачење, кое судот, односно органот кој ја води постапката го цени како доказно средство по слободна оценка на доказите, притоа имајќи го предвид стручниот карактер на вештачењето. Доколку наодот или мислењето не се потполни или јасни, не се образложени, се разликуваат меѓу себе, или се појави основано сомневање во нивната точност, а тие недостатоци не можат да се отстранат ниту со повторно сослушување на вештаците. Вештачењето може да се обнови со исти или други вештаци или да се побара супервештачење.

Судијата под ниеден услов и со ниеден закон не е обврзан да прифати „вештачење“ со кое на судијата согласно член 11 став 1 од Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/06, 35/08, У.бр.256/07, У.бр.74/08, 150/10, У.бр.12/11), би му се одземало правото да „одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободната оцена на доказите.“. Дополнително, постапката за вештачење е уредена со процесните закони (Законот за кривичната постапка и Законот за парничната постапка), кои се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во Собранието на Република Македонија.

Според правната теорија вештачењето претставува доказно средство во судските, управните и другите постапки кон кое се пристапува во случај кога за утврдување или оцена на одредени факти е потребно стручно знаење со кое не располага лицето, односно органот кој ја води постапката. Со цел изведување на докази со вештачење, службеното лице кое ја води постапката одредува, по службена должност или на предлог на странките, еден, два или повеќе вештаци во зависност од потребите и тоа од редот на лицата кои се стручни за дадената материја и кои имаат посебно овластување (лиценца) за давање мислење по прашања од определена област. По извршеното вештачење се дава стручен наод и мислење за предметот на вештачење, кое судот, односно органот кој ја води постапката го цени како доказно средство по слободна оценка на доказите, притоа имајќи го предвид стручниот карактер на вештачењето. Доколку наодот или мислењето не се потполни или јасни, не се образложени, се разликуваат меѓу себе, или се појави основано сомневање во нивната точност, а тие недостатоци не можат да се отстранат ниту со повторно сослушување на вештаците, вештачењето може да се обнови со исти или други вештаци или да се побара супер вештачење.

Во член 2 точка 1 од Законот за вештачење, вештачењето е уредено како изготвување на стручен наод и мислење изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стручни знаења и искуства во областите што се дефинирани во сите случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице - нарачател.

Од анализата на одредбите на член 8 од Законот за вештачење произлегува дека со истиот само се набројуваат областите во кои може да се врши вештачење, меѓу кои во алинејата 2 е областа медицина (психијатрија, невропсихијатрија, хирургија, гинекологија, кардиологија) кое што не е ограничено само на наведените области, туку законодавецот оставил можност судот да определи вештачење и во други области за кои нема стручно познавање. Во Законот за вештачење уредени се условите и постапката за стекнување на лиценца за вршење на вештачење од соодветната област. Имено, вештакот е лице кое има лиценца за вештачење од соодветната област и е запишан во регистарот на вештаци.

Без полагање на стручен испит со лиценца за вештачење може да се стекне и доктор на науки од соодветна научна област и магистер на науки од соодветната научна област и лице со положен специјалистички испит по медицина или втор циклус на универзитетски студии - магистерски студии од соодветна научна област со пет години работно искуство по магистрирањето.

Имајќи ја предвид законската рамка за независноста на судиите околу примената на законот и начинот на одлучување, судиите при одлучување и разгледување на фактите може да бидат помогнати околу фактичката состојба од наодите и мислењата од вештачењата. Но, тоа не значи дека судиите се под влијание од наодите и мислењата од вештачењата и дека истите тие наоди и мислења ќе се прифатат како крајни одлучувачки за утврдување на фактичката и правната состојба околу спорот. Доколку судиите не се согласуваат со наодот и мислењето, истите имаат и законско право да одлучуваат непристрасно со примена на законот врз основа на слободната оцена на доказите. Имено, во членот 206 од Законот за парничната постапка е пропишано дека „Докажувањето ги опфаќа сите факти што се важни за донесување на одлука. Судот одлучува за тоа кои од предложените докази ќе се изведат заради утврдување на решителните факти“. Исто така, во членоот 235 од наведениот закон е уредена материјата за вештачењето, каде што е пропишано дека „Судот ќе изведе вештачење како доказ, ако странката со тужбата или одговорот на тужба го достави стручниот наод и мислење на вештакот. Ако странката

предлага вештачење како доказ, но стори веројатно дека постојат факти или околности за кои не може да го прибави вештиот наод и мислење, судот ќе определи вештачење со писмена наредба. Во наредбата судот ќе наведе во однос на кои факти или околности се врши вештачењето и на предлог на странката ќе определи на кого му се доверува вештачењето“. Во контекст на оспорената одредба и наводите во Иницијативата, значајно е да се истакне и усогласеноста на Законот за вештачење со членовите 244 и 245 од Законот за парничната постапка. Имено, во членот 244 е пропишано дека „Странката, нејзиниот законски застапник или полномошник, има право непосредно да му поставува прашања на вештакот. Странката, нејзиниот законски застапник или полномошник, која го предложила вештакот, има право прва на вештакот да му поставува прашања и да бара објаснувања во поглед на дадениот стручен наод и мислење“.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорената одредба на член 8 алија 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија” бр. 115/10, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15 и 192/15) е во согласнот со член 9 алинеите 1, 3 и 11 од Уставот на Република Македонија и Амандманот XXV на Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 8 алинеја 2 од Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/2010, 12/2014, 43/2014, 104/2015, 148/2015 и 192/2015).

## <u>Точка 81</u>

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „членот 8 став 3 на овој закон“ од членот 23 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015 и 53/2016), поднесена од Игорчо Точев од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Во предметната Иницијатива е наведено дека се оспорува делот „членот 8 став 3 на овој закон“ од членот 23 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15 и 53/16), со оглед дека со член 2 од Законот за изменување на Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/14), членот 8 се брише, а оспорениот дел од член 23 од Законот, упатувал на донесување на акт од одредба која повеќе не постои во правниот промет, поради што бара истата Судот да ја укине.

Согласно член 8 став 3 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/04), образецот, формата и содржината на легитимацијата на инспекторот, како и начинот на издавањето и нејзиното одземање, го пропишува министерот за правда со правилник.

Во член 23, кој претставува преодна одредба на основниот текст на Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/04, е уредено дека министерот за правда во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе го донесе актот од членот 8 став 3 на овој закон.

Имајки го предвид наведеното, а со оглед дека оспорената одредба претставува дел од преодните и завршните одредби на Законот за управната инспекција, се укажува дека преодните и завршните одредби по правило не треба да бидат предмет на изменување и

дополнување, освен во случај ако се работи за продолжување на рокот за усогласување на работењето на субјектите или за продолжување на роковите за донесување на подзаконските прописи, а истите никогаш не може да се предложат да се бришат. Предметната оспорена одредба ја завршила својата функција со истекот на рокот утврден во неа.

Поради тоа, се смета дека не е сторена повреда на членовите 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со оспореното законско решение не се нарушува принципот на владеење на правото и еднаквост на граѓаните и истото е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека Иницијативата за оценување на уставноста на дел од одредба, односно делот „членот 8 став 3 на овој закон“ од членот 23 од Законот за управната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/04, 22/07, 115/07, 51/11, 164/13, 41/14, 33/15, 156/15, 193/15 и 53/16), е неоснована поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведените законски одредби со оглед на фактот што истите се во согласност со Уставот на Република Македонија.

## Точка 82

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Мексуд Максуд за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2258 за КО Ресен на КП бр.3566/1 за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

## Точка 83

1. Владата го разреши Алберт Арслани од должноста вршител на должност заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.

1.1. Владата го избра Муса Ибраими за вршител на должност заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му утврди коефициент за пресметување плата.

2. Владата на Бајрам Берат, разрешен од должноста заменик на координаторот на Националниот координативен центар за гранично управување, му утврди право за остварување на плата по престанувањето на функцијата, за време од 12 месеци, за периодот од 6.3.2018 година до 6.3.2019 година.

3. Владата го именува Баки Османи за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Дебар.

4. Владата го разреши Сами Синани од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” - Скопје, на негово барање.

5. Владата го разреши Филип Поповски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Прилеп, на негово барање.

6. Владата го разреши Берат Лена од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница - Струга, на негово барање.

7. Владата ја именува Сашка Карајанова, за член на Управниот одбор - претставник од редот на стручните работници на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

8. Владата го именува Златко Маркоски, за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод.
9. Владата го именува Ранко Ангеловски, за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка.

10. Владата ја именува Драгана Јовчевска за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип.

11. Владата го именува Игор Глинџарски за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево.

12. Владата го именува Ванѓел Трајчулески за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Центар за социјална работа Крушево.

13. Владата ја именува Марија Попова Шандаров за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци.

14. Владата ја именува Зорица Илова за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Неготино.

15. Владата ја отповика Весна Павлов од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација (М - НАВ), на нејзино барање.

16. Владата заклучи да не врши избор по објавениот јавен оглас за избор на заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности и истовремено му препорачува на Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, повторно да објави јавен оглас и да спроведе постапка за избор на заменик на директорот.

**Точка 84**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 12.3.2018 година до 18.3.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност ги информираше членовите на Владата дека почна да функционира алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции во Република Македонија која е достапна пред целата македонска јавност на веб-страницата на Владата на Република Македонија на следната интернет адреса: http://vlada.mk/otchetnost-troshoci.

Исто така, членовите на Владата се информираа со податоците дека овој состав на Владата во првите шест месеци од работењето има потрошено два пати помалку финансиски средства за разлика од нивните колеги во првите шест месеци од составот на Владата во 2014 година.

**3.** Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија го задолжи Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тоа колкав број на согласности за вработувања се дадени од Министерството за финансии за периодот од 1.6.2017 година до денес, со детален преглед по институции на кои се дадени согласности, колку од нив се за вработувања на определено време, колку на неопределено време и колку согласности се дадени за трансфери на вработени помеѓу институции.

## Точка 85

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес за октомври - декември 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје, за периодот VII-IX 2017 година, како материјал за информирање.

Исто така, Владата го задолжи АД „Македонска пошта“ - Скопје да подготви акциски план со мерки и динамика за зголемување на приходите и во рок од 30 дена да го достави до Владата.

Истовремено, Владата ѝ укажува на Агенцијата за пошти уште еднаш да го разгледа и доведе во законски рамки работењето на приватните компании што се занимаваат со поштенски услуги.

## Точка 87

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2016 година, Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2016 година и Извештај на независниот ревизор, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за управување со одземен имот во рок од 30 дена до Владата да достави Акциски план за решавање на тековните проблеми на Агенцијата од просторен, кадровски и финансиски аспект.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за декември 2017 година, со дополнувањата, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Годишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој и рибарство со аквакултура за 2016 година и ИПАРД Програмата 2007-2013, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да направи дополнителни статистички анализи, при што да се даде приоритет на контролата на баратели кои од 2012 година не биле предмет на контрола на терен.

Контролата да се однесува на ИПАРД Програмата 2007-2013, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програмата за финансиска поддршка за рибарство и аквакултура и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, вклучувајќи ги и субвенциите.

2. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да подготви Акциски план и за реализацијата на истиот да ја информира Владата на секои шест месеци.

**Точка 90**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да направи дополнителни статистички анализи, при што да се даде приоритет на контролата на баратели кои од 2012 година не биле предмет на контрола на терен.

Контролата да се однесува на ИПАРД Програмата за 2017 година Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Програмата за финансиска поддршка за рибарство и аквакултура и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството, вклучувајќи ги и субвенциите.

2. Се задолжува Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да подготви Акциски план и за реализацијата на истиот да ја информира Владата на секои шест месеци.

**Точка 91**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на обуки за аплицирање за системите за наводнување капка по капка, со дополнување, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола советодавно да дејствува и да ги спроведе обуките за користење на системот капка по капка.

**Точка 92**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Државната изборна комисија (сметка на основен буџет 637), како материјал за информирање, со следниот заклучок:

- Се укажува на Државната изборна комисија во врска со издадениот Конечен извештај за извршена ревизија на Финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година (сметка на основен буџет 637) да подготви и до Владата да достави Акциски план за спроведување на дадените препораки во ревизорскиот извештај за 2016 година, во рок од 30 дена.

**Точка 93**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Квалитет на воздухот - кооперативна ревизија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи доследно да се спроведуваат дадените препораки во Извештајот подготвен од Државниот завод за ревизија, од страна на субјектите кај кои е вршена ревизија, како и да се преземат неопходните мерки и активности за подобрување на состојбите во медиумот „Воздух“.

**Точка 94**

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за четвртиот квартал од 2017 година, како материјали за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализирани буџетски средства предвидени со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2017 година во Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на буџетските средства за 2017 година наменети за реализација на Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за периодот 2017 - 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 97

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија надлежна за одобрување на Предлог-проект и доставување на Предлог за исплата на трошоци за производството на домашна документарна и/или домашна играна програма за 2017 година, како материјал за информирање.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата за досегашниот тек на преземени активности на Министерството за култура по однос на оставинската постапка на оставителот Есма Реџепова Теодосиевска од Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, Националната установа Кинотека на Македонија - Скопје и Националната установа Музеј на Македонија - Скопје, во рок од 30 дена да извршат заштитна евиденција и валоризација на недвижното добро/објект/дом на Есма Реџепова Теодосиевска, вклучително и на целокупниот движен имот, да изработат елаборат за валоризација по член 34 и 35 од Законот за заштита на културното наследство, како и да извршат заштитна евиденција и валоризација на целокупниот аудиовизуелен и фонотечен опус на Есма и Стево Теодосиевски и да изработат елаборат за валоризација согласно Законот за заштита на културното наследство.

По завршување на постапката на валоризација и категоризација се укажува на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје, Националната установа Кинотека на Македонија - Скопје и Националната установа Музеј на Македонија - Скопје, во рок од пет дена да го известат Министерството за култура, кое во рок од пет дена за истото да ја информира Владата.

2. Се препорачува на нотар Џеват Бучи од Скопје, а се укажува на Министерството за правда - Биро за судски вештачења во рок од 10 дена во заедничка соработка да извршат попис и проценка на целокупниот движен и недвижен имот на оставителот Есма Реџепова Теодосиевска од Скопје и по завршување на постапката, за истото во рок од пет дена да ја известат Владата, Државното Правобранителство на Република Македонија и Министерството за култура.

3. Се укажува на Државното правобранителство на Република Македонија во соработка со извршителот на тестаментот Хуманитарното здружение Кралицата Есма и Стево Теодосиевски од Скопје, согласно член 35 и 36 од Законот за обезбедување на побарувањата, во рок од пет дена да поднесат барање до надлежен орган за дозволување на привремена мерка: пломбирање на целокупниот имот на оставителот Есма Реџепова Теодосиевска, се до правосилно завршување на оставинската постапка.

## Точка 99

Владата ја разгледа Информацијата за отворање на процесот на јавно приватно партнерство во рамките на здравствениот сектор, како материјал за информирање.

## Точка 100

Владата ја донесе Годишната програма за изменување на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 101

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Закон за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево-Охрид заради склучување на Анекс бр. 1 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево-Охрид, со Предлог-закон и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево-Охрид, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Лилјана Поповиќ, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

2. Го разгледа и го прифати текстот на Анексот бр. 1 кон Договорот за изградба на патна делница Кичево -Охрид заради продолжување на рокот за изградба помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited.

3. Се овластуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, директор на Јавното претпријатие за државни патишта, да го потпишат Анексот бр. 1 кон Договорот за изградба на автопат, делница Кичево - Охрид бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година, заради продолжување на рокот за изградба помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Sinohydro Corporation Limited по донесување на Законот за дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/13 и бр. 134/17), по скратена постапка и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“.

## Точка 102

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 1/2018 („Службен весник на Република Македонија“ бр.1/18), со Предлог-одлуки и Извештај од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Волостоне ДОО Скопје на локалитетот „Самарница“ Општина Прилеп и Општина Долнени и

2. Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Алмарко минерали ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Стари Присад - Стена“, Општина Прилеп, во предложените текстови.

## Точка 103

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите за раскинување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран број 24-64/09 од 27.2.2015 година и одземање на Дозволата за експлоатација број 24-4563/2 од 20.7.2015 година и заклучи:

- Се задолжува Министерството за економија, согласно Извештајот од работната група формирана од страна на Претседателот на Владата на Република Македонија, бр.08-671/1 од 13.2.2018 година, како и Извештајот број 01-134/2 од 13.2.2018 година и Записникот број 09 ип1-15 од 12.2.2018 година подготвени од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, за наредната седница на Владата да достави предлог за раскинување на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар, злато и сребро на локалитетот „Казандол“, Општина Валандово, Општина Богданци и Општина Дојран број 24-64/09 од 27.2.2015 година.

## Точка 104

Владата ја разгледа Информацијата за досегашната реализација на Договорот за закуп на деловен простор сопственост на Република Македонија-ресторан во објект на Кеј Димитар Влахов бр.4 - поранешна Комерцијална банка во Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, најдоцна до една недела да достави Барање за проценка на вредноста на објектот и за висината на месечната закупнина до Бирото за судски вештачења.

2. По добивањето на проценката од Бирото за судски вештачења, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија веднаш, а најдоцна до една недела да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за давање под закуп на недвижната ствар.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на возниот парк на Државниот инспекторат за техничка инспекција, со Предлог-мерка, ја усвои Информацијата и условно одобри спроведување на повеќегодишна јавна набавка на одложено плаќање (3 години/36 рати) на 4 теренски возила за потребите на Државниот инспекторат за техничка инспекција, доколку предлагачот обезбеди позитивно мислење од Министерството за финансии.

## Точка 106

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот финансиски план на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да се усогласат по текстот на Предлог-одлуката, во однос на измената на распоредот на средствата по ставки, како и надлежните институции да достават мислења по материјалот.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**